**Повик за изразување интерес за индивидуални консултантски услуги**

**НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:** Социјално менторство за активација на корисници на гарантирана минимална помош во Република Северна Македонија

## 1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ

Во име на Проектот за подобрување на социјалните услуги во Република Северна Македонија (ППСУ), Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „ПАБЛИК" го спроведува проектот „Социјално менторство за активација на корисници на гарантирана минимална помош во Република Северна Македонија".

**Целта на проектот** е активација на пазарот на трудот/вработување на ранливи лица-корисници на гарантирана мининална помош. Вработувањето се смета како клучна алка и најефективниот пристап во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост. Сепак, одредени категории на граѓани се соочуваат со тешкотии во пристапот до отворениот пазар на труд, како и во задржувањето на работните места. Во 2019-та година, во Северна Македонија, социјалната парична помош беше реформирана и унапредена во гарантирана мининална помош. Меѓудругото, реформираниот систем за социјална заштита има за цел да ја зголеми активацијата на корисниицте на гарантирана мининална помош, преку вклучување на работоспосбните членови на домаќинствата во програми за активација, професионална обука и вработување. Сепак, во пракса стапката на активација на оваа таргет група останува ниска.

**Во рамките на овој повик, ќе бидат селектирани 10-20 социјални ментори од целата територија на Република Северна Македонија** од кои се очекува да менторираат најмногу 12 корисници на гарантирана мининална помош, во зависност од нивната достапност и времето што можат да го издвојат за ваков тип на ангажман.

## 2. ЦЕЛ И ОПИС НА ЗАДАЧАТА

Проектот ќе склучи договори со професионалци кои што ќе го спроведуваат социјално менторство, а клучната активност на ангажираните ментори ќе биде да обезбедат менторска поддршка за предходно селектирани лица, корисници на гарантирана мининална помош.

Менторството, вклучувајќи ја и обуката за социјални ментори ќе се одвива во периодот помеѓу мај 2025 година и март 2026 година. Менторираните лица ќе бидат избрани според дефинирана методологија и во соработка помеѓу менторот и тимот на ПАБЛИК. Секој ментор ќе биде одговорен за мапирањето и изборот на менторираните лица, кои во моментот на вклучување во менторството, задолжително мора да бидат корисници на гарантирана минимална помош. Менторите ќе поминат задолжителна обука од шест

модули за тоа како да се подготват за процесот на менторирање и како да ги фасилитираат можностите за работна интеграција на менторираните лица на отворениот пазар на труд.

**Секое договорно лице / ментор ќе ги има следните должности:**

- Учество на задолжителни обуки (6 модули со физичко присуство);
- Мапирање на потенцијални лица за менторирање и анализа на можностите, пречките и мотивирачките фактори за нивен влез на пазарот на труд;
- Селекција на најмногу 12 менторирани лица кои ќе поминат низ процес на менторирање;
- Соработка со водители на предмет во местата каде живеат менторираните лица;
- Поддршка за менторираното лица во процесот на едукација (доколку тоа е потребно), како и работа со семејството како поддржувачка средина, доколку тоа е потребно;
- Изработка на индивидуален план за вработување и развој на менторираните лица;
- Комуникација со работодавците;
- Поддршка на работодавците за успешно интегрирање и задржување на менторираното лице на работното место;
- Соработка со професионален ментор кој ќе го катализира процесот на интеграција по влезот на менторираните кај работодавците;
- Проценка на процесот на интеграција на работното место на менторираните лица;
- Известување за напредокот на секој менториран и самоевалуација на нивната работа со секој менториран;
- Учество на супервизиски сесии кои го поддржуваат менторот во менторската работа;
- Подготовка на месечни извештаи и други административни активности во согласност со насоките на проектниот тим;
- Мониторинг и евалуација на процесот: обезбедување на потребните податоци на почетокот на менторството, следење низ процесите на обука (доколку има), следење низ процесот на барање работа, следење на работното место и излезни податоци.

## 3. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Сите заинтересирани лица треба да ги исполнуваат следниве услови:

1) Академски квалификации: Диплома од областа на психологија, социјална работа и политика, педагогија, специјална едукација и рехабилитација, психолошко советување, кариерно советување, човечки ресурси или друга општествена наука релевантна за областа на социјални услуги, вработување, психосоцијална и кариерна поддршка, советување или сродни области.
2) Професионално искуство: Најмалку 2 години работно искуство во областа на социјална заштита или социјални услуги во комбинација со соодветно образование, или, доколку кандидатот не поседува соодветно образование, најмалку 3 години релевантно работно искуство во областа на социјална заштита или социјални

услуги. Искуство во психотерапија и советување ќе се смета за предност, но не е задолжително.
3) Работно искуство со корисници на гарантирана минимална помош (ГМП) или други ранливи групи, ќе се смета за значајна предност.
4) Одлично познавање на македонскиот јазик.
5) Технички познавања: основни познавања на Word, Excel и користење дигитални алатки како Google Drive.

## 4. ПРИДОБИВКИ ЗА ИЗБРАНИТЕ КАНДИДАТИ

Надоместокот за социјалниот ментор е утврден според политиките на ПАБЛИК и истиот се формира согласно бројот на менторирани лица со кои што ќе работи менторот, и согласно образованието на менторот, дополнителните вештини, бројот на години поминати во професијата..

Плаќањата ќе се вршат по потпишан договор со договореното лице/ментор и детален извештај.

ПАБЛИК го задржува правото да го задржи целото или дел од плаќањето доколку изведбата е незадоволителна, ако работата/резултатите се нецелосни, неиспорачани или поради неисполнување на роковите.

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА

Задачата се планира да започне во мај 2025-та година и да биде завршена до март 2026.

| **Активност** | **Временска рамка** |
|---|---|
| ОБУКА ЗА МЕНТОРИ | Фондејшн модул (воведна програма) - 18-20 мај 2025 година<br>Модул 1 – 7 и 8 јуни 2025<br>Модул 2 – 5 и 6 јули 2025<br>Модул 3 – 23 и 24 август 2025<br>Модул 4 - 26-28 септември 2025<br>Модул 5 - март 2026 |
| МАПИРАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА НА МЕНТОРИРАНИ ЛИЦА (теренска работа на менторите во соработка со водителите на предмет) | мај, јуни 2025 година |

| | |
|---|---|
| ОБУКА И ПРЕКВАЛИФИКАЦИИ | Во зависност од потребите на менторираните лица. |
| СПРОВЕДУВАЊЕ СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО | **Забелешка**: Времетраењето на услугата социјално менторство ќе зависи од резултатите од вработувањето на менторираните лица |

**Забелешка:** Горенаведената временска рамка е пробна и подлежи на прилагодувања во согласност со тековната динамика на проектот. Договорното лице треба да ги третира сите писмени и усни информации добиени за време на задачата како доверливи и не му е дозволено да открива какви било информации на трети лица.

## 6. ПОСТАПКА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Заинтересираните кандидати да испратат свое CV и писмо за интерес најдоцна **до 16 мај 2025 година,** на slavica@public.org.mk, со назнака: Апликација за социјален ментор- ГМП корисници.

Избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју и информирани за конечната одлука.